РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

До: Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

За: д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ, Директор

Примено: 07.03.2016

Орг. единица	Број	Прилози	Вредност
11	1274	1	

Врз основа на член 28 став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), се доставува

ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР

1. Вид надзор: контролен

2. Субјекти на надзорот: Трговско радиодифузно друштво-оператор на кабелска мрежа ИНФЕЛ-КТВ ОХРИД ДОО - дигитален пакет

3. Датум на извршување на надзорот: 04.03.2016 година.

4. Предмет на надзорот:

Надзорот се врши врз исполнувањето на обврската во член 141 став 13 – *„Доколку Агенцијата врз основа на извршен програмски надзор согласно со овој закон утврди дека оператор реемитува програмски сервис кој не е регистриран согласно со овој член, Агенцијата во рок од седум дена од извршениот програмски надзор ќе донесе решение со кое ќе му наложи на операторот веднаш да го исклучи реемитувањето на програмскиот сервис"* од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14 101/14 и 132/14).

5. Претходно изречени мерки:

Решение за опоменување и за исклучување на реемитувањето на програмски сервиси Уп.1 бр.11-35 од 04.02.2016 година издадено врз основа на Писмениот извештај за извршен редовен програмски надзор бр.11-682/1 од 04.02.2016 година.

Решението е уредно примено на 06.02.2016 година.

6. Констатација од надзорот:

Со контролниот надзор врз операторот на јавна електронска комуникациска мрежа Трговско радиодифузно друштво-оператор на кабелска мрежа ИНФЕЛ-КТВ ОХРИД ДОО - дигитален пакет констатирано е дека операторот постапил во целост по упатеното решение.

Одделение за заштита на авторски права, Сектор за стратешко планирање и авторски права